ETF Working together Learning for life

European Training Foundation

НОВИ ЕКОНОМСКИ ТРЕНДОВИ И ТРЕНДОВИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ ВРАБОТУВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ВЕШТИНИ

Ивона Ганко

28 октомври 2021 г.

НОВИ ЕКОНОМСКИ ТРЕНДОВИ И ТРЕНДОВИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО ПАРТНЕРСКИ ЗЕМЈИ НА ETF – КОНТЕКСТ

- **Земјите од соседството на ЕУ се доста разнообразни, секоја со своја динамика:** Западен Балкан и Турција, Источното партнерство, Јужен и Источен Медитеран, Средна Азија. Но и покрај **огромниот потенцијал**, повеќето земји страдаат од **ниска продуктивност и неефикасно искористување на ресурсите, особено на човечките**

- **Влијанието на технолошките промени врз развојот на човечкиот капитал е доста силно и бележи значително забрзување поради пандемијата со КОВИД-19.** Додадената вредност на секторот за ИКТ е во подем низ годините, а особено во периодот помеѓу 2020 и 2021 година

- Односите во индустријата поминуваат низ длабоки промени, со **силно секторско пренасочување кон услуги и кон новите насоки од јавните политики за „зазеленување“ на економиите**

- Економската волатилност и волатилноста на пазарот на труд, како и сè поголемите ризици од општествена ексклузија, со себе носат **нови предизвици во однос на јавните политики за вработување (особено за младите и за жените) и за системите за образование и обуки**

ETF Working together Learning for life
European Training Foundation

НОВИ ОБЛИЦИ НА РАБОТА ВО ПАРТНЕРСКИТЕ ЗЕМЈИ НА ETF – НАОДИ

- **Постојан раст на самовработувањето, хонорарната работа, работењето од далечина и работењето на платформи** – користење надворешни услуги-аутсорсинг, појава на национални стартапи, технолошки паркови и сè поголем број работници на меѓународни платформи – **Србија, Украина, Северна Македонија, Ерменија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија, Египет, Русија**

- **Работа на платформи: земји од Источното партнерство** – најзастапено во Украина, по што следи Белорусија. Станува сè попопуларно во Азербејџан, Грузија и Молдавија. Со забрзано темпо станува сè позастапено во Ерменија и Азербејџан.

- **Најчесто ова го работат млади луѓе, од кои поголемиот дел се образувани машки лица** (силна родова сегментација) од главниот град и од другите поголеми градови

- **Работа од далечина:** ИКТ, мултимедијални уметности и дизајн, пишување и превод

- **Работа на локации:** обезбедување превоз на повик, услуги за испорака

НОВИ ОБЛИЦИ НА РАБОТА ВО ПАРТНЕРСКИТЕ ЗЕМЈИ НА ETF – НАОДИ

- **Олеснета флексибилизација и сегментација на пазарот на трудот**: висококвалификувани и нискоквалификувани/род
- **Новите политики во ограничена мера ги препознаваат овие нови појави** и во повеќето случаи, **прописите не се добро приспособени** кон новите облици на работа
- **Општествените партнери речиси и да не се присутни** – социјален дијалог, креирање јавни политики?
- **Широкораспространета неформализираност**, ограничена покриеност од страна на политиките за вработување, услугите или социјалните бенефиции
- **Ограничен кариерен развој**, алгоритамско управување
- Сепак, **новите облици на работа не се поврзани со прекарноста/несигурната работа, туку носат дополнителен и повисок приход споредено со другите сектори и може да станат алтернатива за мигрирањето**

НОВИОТ ОБЛИК НА РАБОТА Е ВО ПОДЕМ ВО ПАРТНЕРСКИТЕ ЗЕМЈИ НА ETF – ИМПЛИКАЦИИ

- **Поврзаност:** инфраструктура и дигитални сервиси
- **Работни услови** – прописи за уредување на пазарот на труд, вклучително и статусот на вработување и оданочување
- **Стратегии за вештини за справување со побарувачката на вештини** (вклучително и импликации за образовните системи и за системите за обуки)
- **Ограничен кариерен развој**, но со можности за развивање вештини – учење на работното место
- **Улогата на активните политики за пазарот на труд и на јавните служби за вработување** во обезбедувањето поддршка за транзицијата кон вработување и за транзиција од едно на друго работно место во платформската економија

  Пристап до информации: хонорарното работење, работењето на платформи може да прерасне во пат што води кон работа за невработените или недоволно вработените

  Пристап до услуги: советување, кариерно насочување и други придружни услуги
- **Потребно е да се прошири знаењето и разбирањето, што не е опфатено со традиционалната статистика** – (не)видливоста на работењето на платформи или на хонорарните трансакции

ETF Working together Learning for life
European Training Foundation

НОВИОТ ОБЛИК НА РАБОТА Е ВО ПОДЕМ ВО ПАРТНЕРСКИТЕ ЗЕМЈИ НА ETF – ИМПЛИКАЦИИ ВО ОДНОС НА ВЕШТИНИТЕ

- Дигитални вештини
- STEM (наука, технологија, инженерство и математика) и ИКТ, мултимедијални уметности и дизајн, писменост – пишување и превод
- Јазични вештини, конкретно англиски и руски јазик
- Претприемништво, насоченост кон клиентите и вештини за самоорганизација
- Вештини за аналитика и решавање проблеми
- Себепрезентирање, организирање и комуникација
- Управување со кариерата и учење како да се учи

➢ **Импликации за образованието и за обучувањето: развивање вештините кај возрасните, препознавање на вештините, признавање, сертификација**

ETF Working together Learning for life
European Training Foundation

European Training Foundation

Најнови изданија на ETF (2021 г.)

Иднината на работата – Нови облици на вработување во земјите од Источното партнерство: Работа на платформи

Променливи вештини за променливиот свет: Разбирање на побарувачката на вештини во земјите од соседството на ЕУ

Open space: https://openspace.etf.europa.eu/pages/future-work-new-forms-employment-and-platform-work

Вештини за дигиталните работници

Вештини што се развиваат при работа на онлајн-платформи





Јавни политики за унапредување на **вештините при работењето на платформи (crowdwork)**

Интеграција на пазарот на труд

- Создавачите на политики треба да соработуваат со платформите за да експериментираат со **субвенционирани „микро-практиканства“** при работењето на платформи

Постојан професионален развој

- Давателите на стручно образование и обука да нудат кратки онлајн-курсеви и работилници за да ги задоволат **потребите за т.н. учење „во вистински момент“** на платформските работници.

Образование и стручна обука

- Фокус врз **развивањето вештини за самонасочено учење на луѓето**, нивните способности и начинот на размислување
- **Постојан фокус врз дигиталните вештини** во формалното образование

Усогласување на вештините

- Размислете за воведување **функции за преносливо портфолио**, што ќе им овозможат на работниците да прикажуваат/рекламираат/трансферираат квалификации/искуства
- Соработувајте со платформските компании за да се истражат начини за **надминување на пречките за меѓуплатформска преносливост**

International Labour Organization

Глобални предизвици за родово-одговорно заздравување и вработување

Сесија 2: Заздравување и родова еднаквост: Кои се решенијата за родово-одговорни политики за справување со сè подлабоките нееднаквости?

Кристине Хофман, тим-лидер за вештини и општествена инклузија, МОТ

28 октомври 2021 г.

International Labour Organization

Содржина

I. Родовите ефекти од пандемијата
II. Улогата на политиките за пазарот на труд во ублажувањето на ефектите
III. Приоритети на јавните политики за градење поправична иднина
IV. Примери од земји

28 октомври 2021 г.

I. Родовите ефекти од пандемијата

Процентуална промена на стапката на вработеност поради пандемијата

Source: ILO calculations based on ILOSTAT, ILO modelled estimates.

На глобално ниво, помеѓу 2019 и 2020 год., **стапката на вработеност кај жените падна за 4,2 отсто,** што претставува загуба на 54 милиони работни места, а **стапката на вработеност кај мажите падна за 3 отсто,** односно 60 милиони работни места.
Исто така, не биле создадени 30 милиони работни места – **глобален кусок од 144 милиони работни места**.

International Labour Organization

Кризата со КОВИД-19 непропорционално влијаеше врз жените – а тоа ги влоши постојните нееднаквости

Жените беа со преголема застапеност во најсилно погодените сектори: сместување и услужни дејности со храна, трговија на големо и мало; дејности во врска со недвижен имот, деловни и административни дејности, производство

Неформалната работа во најсилно погодените сектори е исто така позастапена помеѓу жените, **односно 42 отсто од жените работат неформално,** споредено со **32 отсто од мажите.**

Поплатените работни места (на кои најчесто работат мажи) полесно може да преминат во **телеработа од далечина со полно работно време, што не е случај со многу жени на нископлатени работни места,** како што се секторите трговија на мало, продажба и угостителство

Дополнителниот товар од неплатената работа за грижа во домаќинството за време на пандемијата (поради болест и затворени училишта) исто така во голема мера им припадна на жените (просечно 4 часа и 25 минути дневно за жена, споредено со 1 час и 23 минути за маж**, пред пандемијата**), а притоа со **реперкусии по психофизичкото здравје**

Жените имаат помалку пристап до социјалната заштита – состојба уште пред пандемијата.

Порастот на насилството и малтретирањето исто така им отежнаа на жените да ги задржат своите работни места, споредено со мажите.

Дигиталниот јаз посилно ги засега жените и го отежнува заздравувањето на вработувањето на жените

Ковид-19 ја засили тенденцијата за **дигитализација на** деловните субјекти и услуги, вклучително и вештините и услугите за вработување на глобално ниво

Дигиталните уреди во домаќинството честопати се споделуваат, а приоритетот можеби им припаѓа на мажите

Јавните служби за вработување исто така имаат **дигитализирани услуги** и иако технологијата може да биде алатка за инклузија, сепак, **диспаритетите и понатаму остануваат**

Нискиот степен на дигитални вештини може да претставува **сериозна пречка за пристапот до услуги** за младите лица од ранливите категории, особено за младите жени

June 2021

The internet is becoming a key resource for job seekers, entrepreneurs or those looking to make a career change. To ensure they remain inclusive, PES should be aware of the barriers limiting access to clients with low digital literacy and pinpoint solutions for making services easy to access, safe and as intuitive as possible.

Job searching is going digital but connectivity gaps persist

Digitalization is global and influences every aspect of people's lives. Job searching and recruitment methods are also evolving and going digital. The COVID-19 crisis has accelerated the role of technology and the way in which public employment services (PES) facilitate participation in the labour market, whether in salaried jobs, self-employment or a combination of both.

Today, 50 per cent of the world's population uses the internet for multiple purposes, including job searching (UN 2020). However, there are still wide disparities in broadband access across regions and groups of the population. The majority of people with limited access to digital technologies live and work in developing countries. Many are women, persons with disabilities, older workers, and low-income young people in Sub-Saharan Africa, South-East Asia and the Pacific region (ITUC-UNESCO 2019).

Digital inequalities have prevented many people from shifting to remote working and receiving skills training since the start of the lockdown owing to the pandemic. Access to government support for returning to work, remaining in education or accessing training can be facilitated by new technologies. PES can play a crucial role in enhancing basic digital skills for jobseekers, or those wishing to change career or start an apprenticeship or internship.

PES digitalization accelerated in response to the COVID-19 crisis

As part of the digital transformation taking place in the world of work, PES are embracing digital technologies to better match people to jobs. This is occurring, however, with varying degrees of development and investment. According to the International Labour Organization, PES in 69 countries across all regions have capacity to provide basic services online, such as information on open vacancies and registration of clients for job-matching. One third of PES in these countries are already offering AI-driven solutions to jobseekers and employers (ILO 2020).

Even in developing countries where digital networks are poorly developed, mobile connectivity is already the main gateway to the web and job vacancies available online. Most PES moved their intermediation services and labour market programmes online or provided them by telephone to increase support and ensure delivery (ILO 2020b), following the outbreak of the COVID-19 pandemic, and this trend is likely to continue beyond the crisis.

Technology is a tool for inclusion but disparities persist

The digital transformation of PES can increase equal access to opportunities to work for all. Placement and recruiting technologies can also benefit employers by saving time and reducing costs, particularly in a context of an economic recovery. Digital technology has been a powerful tool for

https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/documents/publication/wcms_814289.pdf

International Labour Organization

Нееднаквостите за вработување започнуваат при образованието и обуката

- Постојани **родови диспаритети при запишувањето во техничко и стручно образование и обука** на жените поради пречки за образование и обука, особено во руралните и неформалните економии и **општествено-културолошките и економските ограничувања**
- **Изборот на струка** и можностите и понатаму остануваат да бидат родово пристрасни и има **ниска застапеност на жените во предметите поврзани со наука, технологија, инженерство и математика**
- **Стапката на испишување кај жените** е повисока кај програмите за обуки во кои доминираат мажите, но и уште повисока во текот на пандемијата
- Програмите за обуки во кои доминираат жените честопати водат кон **работни места со пониска продуктивност и пониски плати.**

https://www.ilo.org/skills/pubs/WCMS_244380/lang--en/index.htm

Родовиот јаз во платите глобално сè уште изнесува 19% – и покрај напредоците во образованието и обуката.
Овој јаз во последните три децении се намали за само 2 процентни поени.
Ова најмногу се должи на тоа што се исплаќаат пониски плати за работа со иста вредност, како и поради родовата сегрегација на струките

Кризата со КОВИД-19 може да има долготраен ефект врз вработувањето на жените

Постои ризик од поништување на успесите во однос на родовата еднаквост направени во последните децении и продлабочување на постојните родови нееднаквости на пазарот на труд:

- Родот е **механизам за рестрикции** при недостиг на работни места
- Тенденцијата за флексибилизација и дерегулација на пазарот на труд може да доведе до **зголемување на прекарното/несигурното работење на жените**
- Кога жените ќе ги изгубат своите работни места, **нивната неплатена работа за грижа во домаќинството обично се зголемува**
- Жените честопати **се на последно место во јавните политики за секторско заздравување**: се поддржуваат сектори во кои се бара напорна физичка работа, во кои обично доминираат мажите, а на штета на секторите каде што доминираат жените, како што се услугите за нега.
- Како резултат на затворањето на училиштата и загуба на приходите на семејството, многу деца се соочуваат со **повисок ризик од детски труд**, особено младите девојчиња

II. Улогата на политиките за пазарот на труд во ублажувањето на ефектите

Додека **напредните економии** се насочија кон мерки за социјална заштита, меѓу кои и надоместоци за невработеност, **земјите во развој** обезбедуваа поддршка на приходите на ранливите работници.

Политиките и програмите за пазарот на труд се од суштинска важност во помагањето на работниците и на работодавачите **да се справат со технолошките вишоци, отсуствата и намалениот обем на работа** поради пандемијата со КОВИД-19**.**

Активните политики за пазарот на труд (ALMP) – кои честопати се реализираат преку јавните служби за вработување – беа и продолжуваат да бидат **клучни елементи** во базата од јавни политики за **зачувување на работните места и вештините, олеснување на вработувањето во суштинското производство и услугите, како и за овозможување луѓето да останат поврзани со пазарот на труд**, меѓу кои и ранливите работници во неформалната економија и во новите облици на работа.

За време на пандемијата, **жените беа во значително подобра ситуација во земјите кои воведоа мерки за зачувување на нивните работни места**, особено преку бенефиции за задржување на работните места

International Labour Organization

III. Приоритети на јавните политики за градење подобра иднина за заздравување насочена кон луѓето

Интегрирање на родовите аспекти во националните политики и мерки за вештини и вработување со цел задржување на жените во работната сила и олеснување на повторното вработување на жените

Процена и разбирање на **карактеристичните пречки за жените и за мажите** во однос на вештините и работните места

Макроекономските пакети со стимулативни мерки треба да продолжат да ја стимулираат вкупната побарувачка на начини со коишто ќе се поддржи зачувувањето и создавањето на работни места, со конкретен акцент на вработувањето и приходите на жените.

Промовирање на **инклузивни вештини и доживотно учење** во сите сектори, особено **за жените во технолошко интензивните области**, а **за мажите во социјалната работа и во обезбедувањето нега**; создавање родово-чувствителни средини за обука

Зајакнување на **родово-одговорните активни политики за пазарот на трудот, вклучително и советување, менторство и позитивни модели**, како и признавање на претходното учење

Вложување во услугите за нега

International Labour Organization

ILO brief

Policy Brief

July 2021

Building Forward Fairer: Women's rights to work and at work at the core of the COVID-19 recovery

Over a year and a half into the COVID-19 pandemic, gender equality in the world of work has worsened. Women have suffered disproportionate job and income losses, including because of their over representation in the hardest-hit sectors, and many continue to work on the front line, sustaining care systems, economies and societies, while often also doing the majority of unpaid care work. All these factors underscore the need for a gender-responsive recovery to respond to the commitment of "building forward fairer".

This policy brief provides an outlook of where women stand in the labour market after more than a year into the COVID-19 pandemic. It confirms that women's employment has been negatively impacted in terms of both quantity and quality, although with substantial regional variations. It provides a snapshot of new and continuing measures that governments have adopted to mitigate the employment and income effects of the pandemic, while warning that they are already leaving women behind. Finally, it calls for gender-responsive policies, in order to make women's right to work and their labour rights a central feature of the COVID-19 recovery.

Part I: Women's work in times of COVID-19

The COVID-19 gendered impacts on global labour markets

Globally, women have been disproportionately hit in terms of job-losses: 4.2 per cent of women's employment was destroyed as a result of the pandemic compared to 3 per cent of men's employment

The economic crisis induced by the COVID-19 pandemic led to unprecedented job losses for women and men. Figure 1 shows that the decrease in employment between 2019 and 2020 was more pronounced than during the Great Recession[1] for both women and men. This is largelydue to the impact of lockdowns that affected sectors, including manufacturing and services where women are overrepresented and where they are often working with informal working arrangements. Enduring gender gaps in time spent in unpaid care work, limited access to social protection and an upsurge in violence and harassment have also made it difficult for women to keep their jobs, compared to men.[2] Globally, between 2019 and 2020, women's employment declined by 4.2 per cent, representing a drop of 54 million jobs, while men's employment declined by 3 per cent, or 60 million jobs.[3]

1 The Great Recession of 2008-2009.
2 ILO. 2018. "The COVID-19 Response: Getting Gender Inequality Right for a Better Future for Women at Work" (Geneva); ILO. 2018. "Care work and care jobs for the future of decent work" (Geneva).
3 The section 'The COVID-19 gendered impacts on global labour markets' presents the new ILO sex-disaggregated employment projections for 2021.

https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---gender/documents/publication/wcms_814499.pd

IV. Примери за земји со родово-одговорни решенија преку јавни политики

Владите во **Аргентина и Боцвана** обезбедуваа **субвенции на плати** во замена за гаранција дека нема да има отпуштања за одреден временски период.

Во **Колумбија и Чиле** имаше **субвенции на плата** за нововработените, со повисоки износи на субвенциите за жени.

И развиените земји и оние во развој воспоставија или ги проширија **јавните програми за вработување**. Во **Мексико и Кенија** беа утврдени квоти како гаранција дека жените ќе имаат придобивки од овие програми.

Колумбија и Сенегал воведоа или ја зајакнаа **поддршката за жени претприемачи.**

Јавната агенција за вработување во **Република Кореја** тесно соработуваше со **Центрите за стручно оспособување на жените** со цел да ја поврзе поддршката за пронаоѓање работа и обуката со посебниот надоместок за породилно отсуство и субвенции за грижа на деца, а дополнително обезбедуваше и **субвенции за работодавачите за задржување на работното место.**

International Labour Organization

Благодарам

hofmann@ilo.org

Програма за солидарност на ЕУ за Ковид-19

„People in Need“ – Ерменија

Невладина организација „Women’s Rights House“

„Борба против КОВИД-19 преку унапредување на женското претприемништво“

Funded by European Union

NETHERLANDS HELSINKI COMMITTEE

AFEW International Интернешнл

EU COVID-19 Solidarity Programme for the Eastern Partnership

Standing Together

Замислата на проектот

Имајќи предвид дека поради КОВИД-19, многу жени и девојки, но и членовите на нивните семејства, ги загубија работните места и останатите приходи, проектот дава поддршка за економска еманципација на жените преку унапредување на нивното претприемништво и обезбедување на нивна финансиска независност.

Процес на избор на корисниците

Целната група на овој проект беа жените и девојките од регионот Ширак кои ги загубиле работните места поради КОВИД-19 или кои немаат други приходи, но поседуваат други вештини, како правење рачни изработки, шиење, везење и сл. или имаат деловни идеи.

За да се обезбеди што поширок опфат и да се информираат оние кои немаат пристап до интернет, беа дистрибуирани огласи преку различни невладини организации и активистички групи, како и преку објави на социјалните мрежи и на Фејсбук-профилот на организацијата.

Искусни деловни професионалци им одржаа 8 курсеви за градење капацитети на оние 30 жени што се пријавија индивидуално или како група.

Жените се стекнаа со основни знаења за деловен менаџмент, маркетинг, анализа на пазарот итн. Обуката им помогна за психолошки да се подготват за започнување со претприемништво и да разберат што им недостига за започнување сопствен бизнис.

Само жените кои ги завршија сите курсеви за градење капацитети се квалификуваа за конкурсот за доделување подгрантови.

РЕЗУЛТАТ

Од 30-те учеснички кои ги посетуваа курсевите и кои претставија перспективни деловни проекти, 13 беа избрани и им беа доделени износи до 700,000 ерменски драми

(околу 1,400 американски долари) за да започнат сопствен бизнис.

Деловните професионалци ги подучуваа овие нови стартапи во текот на целокупното времетраење на проектот.

Избраните деловни идеи

1. **„Отпочнување со шивачко производство на далечина во Хатсик и Ашотск за изработка на бебешка постелнина“** – Гохар Ховханисјан, Тамара Папикјан

2. „**Изработка на еко-торби**“- Лена Ховханисјан

3. **„Ваше другарче со вашите раце”** – пакет кој ќе вклучува илустриран водич како да направите кукла – Нарине Минасјан

4. **„Фризерски и маникерски салон“** – Нарине Давтјан

5. „**Подготовка на ерменска гата**“- Тамара Фарзадјан

6. **„Изработка на повеќенаменски обележувачи за книги**“- Тања Хакобјан

7. **„Проширување на производството на рачно изработени еколошки играчки, ташни и други додатоци**“- Анахит Варосјан

8. **„Производство на вегански чоколади**“- Анѣела Sвакерјан

9. **„Центар за детски психолошки развој**“- Ана Качатрјан

10. **„Изработка на ташни кои ја негуваат и пренесуваат историјата на Ѓумри, текстилни маски и други додатоци**“- Сузана Мартиросјан

11. **„Производство на мед и други здрави производи од одгледување пчели во селото Ţрапи”** – Хрпсик Петросјан

12. **„Рачни изработки**“- Зоја Геворгјан

13. “**Одгледување печурки Kaxasunk**”- Зина Манукјан

Гохар Ховханисјан
Тамара Папикјан

- Проектот помага во обезбедување стабилен извор на приходи за жените од руралните подрачја кои поседуваат шивачки вештини и генерира непречени приходи во време на пандемијата.
- Овој стартап примени иновативен пристап преку организирање на производството на различни локации. Гохар и Тамара основаа бренд кој работи во различни заедници каде што лицата работат од дома.
- На жените им беа обезбедени машини за шиење и потребните материјали.
- Се планира постојано проширување на производството со нови вработени од заедниците во регионот Ширак.

https://www.facebook.com/hrane.sw

https://www.instagram.com/hrane_sewing_workshop/?fbclid=IwAR35ymqSF98k_Rw3iqp-_n6KO-mS4-ZGsqnLoNIV4xzn-li-pBFQZlydemw

Funded by European Union

Funded by European Union

СУЗАНА МАРТИРОСЈАН

- Сузана рачно изработи производи кои ќе ги поттикнат другите да бидат што е можно еколошки посвесни и да ја ценат нашата култура и историја. Овие производи беа доста барани во Ерменија, но и помеѓу бројната дијаспора во многу земји.
- Некои од производите, како текстилни торби, ги исполнуваат критериумите за претстојната забрана за користење најлонски кеси.
- Сузана се занимава со сликарство и ги создаде готовите производи кои веќе се продаваат во Ерменија и во други држави.

https://www.instagram.com/suicoartstudio/

SUICO
ARTSTUDIO

Хрипсик Петросјан

- Овој проект дава поддршка за млади жени и за пензионерки.
- Со 10-годишно искуство во пчеларството и 20 пчелни семејства, Хрипсик во своите педесетти години сака да го прошири својот бизнис, да ги вклучи членовите на своето семејство да произведуваат здрав мед и да имаат стабилен приход. Присуствуваше на сите часови со голем ентузијазам, што беше доста инспиративно и им даде пример на многу други.
- Нејзиното пчелно производство се врши во селото Џрапи во регионот Ширак.

https://www.facebook.com/arpi.honey

Funded by European Union

Ана Качатрјан

- Центарот за детски развој се отвори во една од населбите во градот Ѓумри со поддршката што Ана ја доби преку проектот. Центарот нуди различни часови и услуги, како развој на говор, терапии за релаксација, вежби за развој преку игри, како и танцување, пеење, театарски групи итн.
- Центарот има за цел да обезбеди сеопфатен развој на секое дете во центарот, да се откријат капацитетите на детето и корисно да се организира времето посветено за слободни активности на децата.
- Поради големата побарувачка, центарот нуди вработување на млади специјалисти.

https://www.facebook.com/ՀայLEGO-112197554302245

Funded by European Union



Зина Манукјан

- Таа одгледува печурки во визбата од нејзината куќа.
- На почетокот се планира продажбата на печурките да се одвива од домот, а потоа да соработува со различни дуќани и супермаркети во Гумри.
- Главната цел на проектот е да се поседува сопствен бизнис и стекнување финансиска независност.

https://armenia.peopleinneed.net/en/growing-mushrooms-zinas-new-business-plan-7898gp





Беше одржана конференција за медиумите во живо во просториите на Центарот за медиумски дијалог, при што беа претставени 13-те нови бизнис стартапи.

Беше организирана продажна изложба за поддршка на **13-те успешни бизнис стартапи** и промовирање на продажбата.

Funded by European Union

ES.MAROC.ORG

Исмаил ИФТИСЕН

Краток опис на организацијата

Мароканското здружение за социјални претпријатија е основано во 2017 година и како такво работи согласно мароканските закони во насока на унапредување на социјалните иновации и општествената, економската и професионалната инклузија на младите во земјата.

Италијанска невладина организација која постои во Мароко од 2003 година преку здравствена програма и програма за професионална инклузија.

Лоцирана во Рабат и Тангиер, компанијата нуди широк спектар на услуги за социјално-професионална инклузија на младите и социјално претприемништво преку неколку канцеларии кои работат секојдневно и се раководени од многуте постојани консултанти од деловниот свет и од полето на склучувањето договори.

Канцеларии на HUBs ESMaroc

Канцеларија за насочување и информирање

Ги насочува младите лица кон различни услуги што ги нудат HUBs и партнерите.

Канцеларија за инклузија на вработени

Го олеснува процесот на селекција и инклузија на младите во приватниот и во јавниот сектор преку платена пракса.

Канцеларија за самовработување

Обезбедува поддршка за луѓето за да создадат едноставен бизнис план и да добијат картичка за самовработено лице, како и поддршка и обезбедување финансиски средства во износ помеѓу 3000 и 5000 марокански дирхами.

Канцеларија за колективно склучување договори

Обезбедува поддршка за групи од 3 до 5 млади претприемачки лидери кои сакаат да основаат компанија како ДОО или кооперација и да го остварат својот бизнис план со пристап до 3-годишна програма за инклузија, финансирање и последователна помош откако ќе бидат избрани.

Канцеларија за здруженија

Има за цел зајакнување на капацитетите на малите неструктурирани здруженија преку школата за е-учење основана од ES.Maroc

Информатичка канцеларија

Нуди бесплатен едномесечен курс по информатика, што го олеснува вклучувањето на младите во работниот свет и ги воведува во дигиталната писменост.

ES.Maroc.Org
ENTREPRISE SOCIALE

Програмата на ES.Maroc е дел од еден поширок систем за поддршка на деловните субјекти – ДОО или кооперации.

Објавување повик за искажување интерес за групни проектни лидери (3-5 лица во група).

Организирање отворени денови во целните области заради претставување на програмата за поддршка и да им се одговорат прашањата на имателите на проекти.

Отпочнување со 3-месечната програма за лично придружување, што вклучува групни работилници со консултанти од HUB ES.Morocco секоја седмица во текот на времетраењето на курсот (истражување на пазар, дизајн на бизнис модел согласно BMC, како да се изработи бизнис план модел BP, појаснување на конкурентното позиционирање, истражување во врска со партнерите, комуникациска стратегија, процена на социјалното влијание и економска изводливост, барање алтернативно или дополнително финансирање итн.).

Првична селекција на имателите на проекти кои ги исполнуваат програмските критериуми.

Еден ден е посветен за интервју и презентација пред комисија од експерти и крајна селекција.

ES.Maroc.Org
ENTREPRISE SOCIALE

Доделување финансиски средства во износ од 50.000 до 100.000 дирхами за избраните бизниси.



Следење и последователни активности во времетраење од 3 години, при што во текот на тој период консултантите од центарот им обезбедуваат поддршка на компаниите на полето на менаџментот, маркетингот, позиционирањето на пазарот, дигиталниот маркетинг итн., а планирани се и периодични посети на компаниите.

ES.Maroc.Org
ENTREPRISE SOCIALE

HUB ES.MAROC им нуди можност на самовработените лица и на претприемачите да комуницираат и да се вмрежуваат со други партнери и различни претприемачи преку:

Организирање семинари и конференции
на различни теми претставени од локални и меѓународни експерти од конкретната област.

Споделување искуства
со останатите компании инкубирани преку L'HUB

Учество на саеми
и на најразлични настани организирани од партнери од јавниот и од приватниот сектор.

Учество и бесплатен пристап до платформата „Саем за вработување и вмрежување“ **(E-SALON DE L’EMPLOI),** која секоја година ја организираат **E-SMAROC,ORG** и **SOLETERRE**, а која има за цел да ги донесе на едно место национални и меѓународни компании, стартапи, невладини организации, баратели на работа и да овозможи склучување нови врски, како и создавање можности за партнерства.

Сите претходно наведени активности резултираа со серија на програми и проекти на високо ниво на коишто **Es.Maroc.Org** тековно работи во регионот Тангиер-Тетоуан-Ал Хокеима, како и во регионот Рабат-Сале-Кенитра, со локални и меѓународни партнери во арапскиот свет и во странство, меѓу кои ќе ги споменеме следниве:

- # Главните проблеми

Имајќи ги предвид ограничените можности што се достапни за интегрирање на жените во пазарот на трудот, останува да се преземе иницијатива за интегрирање на жените од ранливите категории и нивно активирање во претприемачкиот свет, како и да се олесни нивното професионално интегрирање преку зајакнување на нивните способности за отпочнување со активности што ќе носат приходи.

Меѓутоа, системот за самовработување кој беше ажуриран во 2015 година, укажува на поголем број проблеми, како што се недоволно висока свест и сензитивизација, недостиг на специјализирани институции кои може да ги посетуваат, па затоа ES.MAROC.ORG работеше од оваа појдовна точка за да ги покрие недостатоците преку еден интегриран систем со цел да држи чекор со оваа категорија.

Процент на жени кои имале придобивка од услугите на здружението

46%



Жени кои имале придобивки од сесиите за зајакнување на свеста

56%



Жени кои имале придобивки од поддршката, насочувањето и дополнителните активности

27%

Жени кои имале финансиска придобивка од грантот

Пред основањето

- Оформување и свест,
- Придружување и насочување,
- Потпомагање при правните постапки и стекнување на картичка за самовработено лице, користење грантови,
- Работилници за зајакнување на свеста

За време на основањето

- 3-месечна лична програма за придружување, што вклучува групни работилници со советници од HUB ES.Maroc
- Учество на најразлични саеми и настани организирани од партнерите од јавниот и од приватниот сектор.

По основањето

Следење и последователни активности во времетраење од 3 години, при што во текот на тој период консултантите од центарот им обезбедуваат поддршка на компаниите на полето на менаџментот, маркетингот, позиционирањето на пазарот, дигиталниот маркетинг итн., а планирани се и периодични посети на компаниите.

Tracking and follow-up for a period of 3 years, during which the center's consultants support the companies in aspects related to management, marketing, positioning in the market, digital marketing, etc., and periodic field visits are also planned.

ВИ БЛАГОДАРАМ!

+212 537 762 872

contact@entreprisesocialemaroc.org

https://entreprisesocialemaroc.org/

https://www.facebook.com/entreprisesociale/

Сесија 3 – Системи за информации за пазарот на труд и вештините

КАКО ДА СЕ ОПФАТИ ПРОМЕНЛИВИОТ ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ КОНТЕКСТ ВО ДИЗАЈНОТ НА АКТИВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ПАЗАРОТ НА ТРУД?

Предизвици и пристапи за проучување на пазарот на труд и трендовите на вештини во контекст на кризата и заздравувањето, како и отсликување на резултатите од истражувањата во мерките и услугите за активација и (пре)оспособување.

ЕНО НЏЕЉА
Програмски специјалист
Економски раст и вработување
UNDP-Албанија

ВКЛУЧЕНОСТА НА UNDP ВО АНАЛИЗАТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Сигналите за пазарот на труд редовно се споделуваат со клучните институции и со донаторските агенции преку постојано следење на променливиот контекст на пазарот на трудот во Албанија поради одржувањето социјално физичко растојание и политиките за карантин.

Како резултат на тоа:

- Министерството за финансии и економија, другите државни органи и донаторската заедница имаа придобивки од тековно ажурираната и **концизна анализа на клучните показатели на пазарот на труд**, чии информации беа вклучени во дизајнирањето на нивната политика.

- **Се подобри** работата и функционирањето на Групата за интегрирано управување со политики за **„Вработувањето и вештините“** благодарение на информациите за влијанието на кризата со Ковид-19 што произлегоа од анализата на пазарот на труд, како и поради други влезни информации од следењето на спроведувањето на Националната стратегија за вработување и вештини, оптимизацијата на стручното образование и обука, итн.

ДИЗАЈНИРАЊЕ активни програми за пазарот на труд

Врз основа на анализата спроведена врз невработените баратели на работа, **UNDP му помогна на Министерството за финансии и економија** да изработи **5 активни програми за пазарот на труд – ALMP.**

Зошто ревидирани ALMP?

- **За да се обезбеди индивидуализиран процес на спроведување на ALMP воден од побарувачката**
- **За да се изработат нови ALMP за конкретни групи со додадени ранливости**
- **За да се диверзифицира типологијата на партнерите за имплементација**
- **За да се постапува по конкретните потреби на невработените баратели на работа**
- **За да се подобрат постапките на таргетирање**

5

Одобрени ALMP

Вработување

Едногодишен договор за субвенционирано вработување, при што потребите на барателите на работа се усогласени со профилот на работодавачот. Платата ја утврдува работодавачот врз основа на платите на пазарот за конкретното работно место.

Обука на работното место

Има за цел да ги обучи барателите на работа кои не поседуваат никакви квалификации на работното место, притоа обезбедувајќи субвенција во времетраење од 4 месеци за сите видови професии, врз основа на одобрен план за обука и под надзор на обучувач на работодавачот.

Практиканство

Обезбедува брза транзиција кон пазарот на труд за неодамна дипломираните во истата или во слична образовна област на лицето во времетраење од 6 месеци.

Самовработување

Отпочната бизнис програма што нуди финансиски грант и менторство за невработени баратели на работа кои имаат изводлива бизнис идеја и план што може да се пласира на пазарот.

Вработување во заедницата

Со јасен фокус врз обучувањето, со замисла да го приближи понуденото работно искуство поблизу до пазарот на труд, во согласност со локалните и географските можности за вработување, а во партнерство со заедницата, НВО/волонтерски организации.

ПРЕТВОРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ во СОЗНАНИЈА за време на кризата

За време на пандемијата беа анализирани **неколку статистички информации** за **перформансите на пазарот на труд**.

Сигналите генерирани од анализата на податоците беа преведени во увиди во состојбите за носителите на одлуки.

Анализирани варијабли во статистичките податоци

Сесија 3 – Системи за информации за пазарот на труд и вештините

ПРЕТВОРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ во СОЗНАНИЈА за време на кризата

Седмично и месечно општо следење на перформансите на пазарот на труд.

УВИДИ од пазарот на трудот

- Забрзано вработување на лица кои ги изгубиле своите работни места по настапувањето на карантинот

Раздробување на економските сектори



Сесија 3 – Системи за информации за пазарот на труд и вештините

ПРЕТВОРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ во СОЗНАНИЈА за време на кризата

Анализирани перформансите во делот вработување одделно за секој економски сектор.

УВИДИ од пазарот на трудот

- Услужниот и текстилниот сектор беа најпогодени економски сектори.

Раздробување на економските сектори



ПРЕТВОРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ во СОЗНАНИЈА за време на кризата

Анализирани перформансите во делот вработување како резултат на пандемијата расчленети по старосна група.

УВИДИ од пазарот на трудот

- Младите луѓе најпогодени од отпуштањата, но со највисока стапка на вработеност поради туризмот
- Возраст 55 години и нагоре, најслабо платени лица (неформални работници) и жените погодени во поголема мера.



Раздробување на економските сектори

ПРЕТВОРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ во СОЗНАНИЈА за време на кризата

Анализирани перформансите во делот вработување според струка

УВИДИ од пазарот на трудот

- Вработените во услужните дејности и основните професии се најмногу невработени и со највисок број на загубени работни места.



Изработени ALMP

ДИЗАЈНИРАЊЕ активни програми за пазарот на труд за ЗАЗДРАВУВАЊЕ

Извршената анализа на перформансите на пазарот на труд за време на пандемијата беше искористена за спроведување таргетирани ALMP.

Одлуката бр. 608 на Советот на министри од 29.7.2020 г. во врска со постапките, критериумите и модалитетите за спроведување на активните програми за пазарот на труд за барателите на работа невработени поради Ковид-19.

3

активни мерки за пазарот на труд

Буџет

$ 2 милиони

Времетраење на програмата

4 – 12 месеци

ДИЗАЈНИРАЊЕ активни програми за пазарот на труд за ЗАЗДРАВУВАЊЕ

Придобивки од ALMP?

4-месечна програма

2 месеци субвенции на плата (мин. плата)

4 месеци придонеси за задолжително социјално и здравствено осигурување за работодавачите.

8-месечна програма

4 месеци субвенции на плата (мин. плата)

8 месеци придонеси за задолжително социјално и здравствено осигурување за работодавачите

12-месечна програма

12 месеци придонеси за задолжително социјално и здравствено осигурување за работодавачите и за вработените. Програмата е насочена кон оние лица кои самите се произнеле како неформални работници.

Кој може да има придобивка?

- ✓ **Барателите на работа кои:**

  Ја изгубиле работата поради Ковид-19 во периодот помеѓу 10 март и 31 декември 2020 г.

Кој може да аплицира?

Работодавачи кои:

- ✓ Се законски регистрирани и кои во последните 2 години пред почетокот на кризата со КОВИД-19 ги немаат прекршено одредбите од Законот за работните односи
- ✓ Нудат вработување со полно работно време

Сесија 3 – Системи за информации за пазарот на труд и вештините

МОЌТА на АНАЛИТИКАТА НА ПОДАТОЦИ и на ВИЗУЕЛИЗАЦИИТЕ

UNDP често изработува изданија со податоци за перформансите на пазарот на труд. Аналитичките извештаи и неколкуте визуелизации беа релевантни за процесот на донесување одлуки.

Брифинзи со податоци





Брифинзи за јавни политики





Технички белешки

8 DECENT WORK AND ECONOMIC GROWTH

ИЗВЛЕЧЕНИ ПОУКИ

Во однос на општествено-економскиот контекст:

Примената на податоци од реално време даваат подобра поддршка за насочените ALMP
Доказите за трендовите во однос на вештините на пазарот на трудот даваат информации со увид во состојбите, што обезбедува поддршка за подобро донесување одлуки

Во општи рамки:

Оспособете ги луѓето да работат со податоци

Обезбедете им на луѓето вештини за писменост за користење на технологијата и податоците за да може ефективно да работат со податоци и да ги разбираат податоците. Обезбедувајте им поддршка на државните органи, локалните заедници и партнерите од граѓанскиот сектор за да ги зајакнат податочните и статистичките капацитети.

Бидете свесни за ограничувањата на податоците

Проценете ги јазовите, ризиците и пристрасностите при примената на податоци. Активно ставајте ги под знак прашалник „слепите“ агли и потенцијалните негативни импликации од користењето податоци.

8 DECENT WORK AND ECONOMIC GROWTH

ШТО Е СЛЕДНО...

UNDP развива дигитален **Тракер на економскиот развој (EDT).** EDT ќе биде онлајн-платформа во служба на владата која ќе прибира и анализира статистички податоци за неколку показатели, со фокус на **пазарот на трудот.**

EDT ќе ги има способностите на **Опсерваторијата за информации за пазарот на труд (LMIO)**, како поддршка за подобро информирање во однос на трендовите на пазарот и за донесување одлуки.

ФУНКЦИОНАЛНОСТИ

#MAKING DATA
#MAKE SENSE

- Регистар на податоци
- Напредни аналитики
- Визуелизација на податоци
- Поддршка за донесувањето одлуки
- Интеграција на социјалните медиуми

8 начела на UNDP во однос на ПОДАТОЦИТЕ

Оспособете ги луѓето да работат со податоци

Обезбедете им на луѓето вештини за писменост за користење на технологијата и податоците за да може ефективно да работат со податоци и да ги разбираат податоците. Обезбедувајте им поддршка на државните органи, локалните заедници и партнерите од граѓанскиот сектор за да ги зајакнат податочните и статистичките капацитети.

Направете податоците по автоматизам да бидат отворено достапни

Направете податоците да се достапни во што е можно поголема мера. Да нема „трупање на податоци“.

Одговорно управувајте со податоците

Практикувајте ефективно чување и управување со податоците за да се обезбеди солиден квалитет на податоците, безбедност и отчетност. Во согласност со односните институционални политики и прописи.

План за можност за повторно искористување и интероперабилност

Максимизирање на вредноста на нашите податоци преку обезбедување можност да се искористат во повеќе области. Користење стандарди со отворен код и машински читливи формати заради подобрување на интероперабилноста.

Проширувајте ги границите на податоците

Истражувајте ги новите практики и иновативните технологии заради зголемување на достапноста на податоците и проширување на опфатот на недоволно застапените групи преку прибирање и расчленување на податоци.

Бидете свесни за ограничувањата на податоците

Проценете ги јазовите, ризиците и пристрасностите при примената на податоци. Активно ставајте ги под знак прашалник „слепите“ агли и потенцијалните негативни импликации од користењето податоци.

Заштитете ги личните податоци

Во сите практики со податоците вметнете го начелото на „приватност уште при самиот дизајн“. Добијте информирана согласност и обезбедете дека податоците се анонимизираат пред да се објават.

Одржувајте ги највисоките етички стандарди

Втемелете ги податочните практики во Повелбата на ОН и во меѓународните рамки за човековите права. Обезбедете дека процесите со податоците и партнерствата му служат на јавното добро.

Системи за информации за пазарот на трудот и вештини во променливиот општествено-економски контекст

Нора Кондон

Одделение за истражување на вештини и пазарот на труд (SLMRU)

28 октомври 2021 г.

SOLAS
learning works

Преглед

- Контекст за пазарот на трудот во Ирска
- Предизвици во однос на прибирањето сознанија за пазарот на трудот во услови на пандемија
- Разбирање на влијанието врз пазарот на труд
- Идентификување можности за вработување
- Обезбедување информации за обликување на јавната политика за вештини
- Фактори за успех

SOLAS
learning works

Контекст

- Пред КОВИД, на Ирска ѝ одеше добро
  - Стапка на вработеност
  - Невработеноста опаѓаше

SOLAS
learning works

Со почетокот на КОВИД-19

- Илјадници останаа без работа…

  …. и без приходи

- Воведени **нови** надоместоци што се исплаќаат како поддршка од страна на Јавните служби за вработување (PES)

SOLAS
learning works

Предизвици во однос на сознанијата за пазарот на трудот: промените се одвиваат со брзо темпо

Лица-приматели на надоместок за невработеност поради пандемијата, март 2020 – август 2021 год.



Предизвици во однос на сознанијата за пазарот на трудот: проблеми со податоците

Доцнење

Дефиниции

Варијабли

SOLAS
learning works

Разбирање на влијанието

Анкета за работната сила за четвртото тримесечје од 2019 г.

Макроекономски предвидувања

Надоместоци за поддршка од страна на јавните служби за вработување

Други истражувања

Ризик од автоматизација

Работење од далечина (OECD)

Брегзит

SOLAS learning works

Идентификување можности за вработување

Протолкувани во контекст

Огласи за вработување

Истражување за работните места што се тешки за пополнување

Ангажирање на работодавачот

Владина јавна политика (пр. Агендата во однос на климатските промени)

SOLAS learning works

Обезбедување информации заради обликување на јавните политики: усогласување на стекнувањето вештини со побарувачката на вештини

Идентификување ранливи категории	Идентификување на побарувачката на вештини	Информирање заради обезбедување обуки
• Млади лица • Нискоквали-фикувани струки • Одредени сектори	• Барани струки • Недостиг на вештини	• Конкретни за струката • Трансверзални

SOLAS
learning works

Јавна политика за вештини заснована на податоци: пример

„Skills to Compete“ („Вештини за конкурентност“)

Таргетирана обука

Трансверзални и дигитални вештини

Вештини во области за коишто е идентификувано дека постои побарувачка

Насочување и поддршка

Надзорна група

Даватели

Влада

Финансиери

Фактори за успех на јавната политика заснована на податоци во услови на пандемија

- Комбинирање на нови и постојни податоци (вклучувајќи квалитативни и квантитативни)
- Врски со работодавачи и со претставници на работодавачите
- Меѓусекторска соработка (Министерство за социјална заштита, Министерство за претпријатија, трговија и вработување, Советодавно тело за пазарот на труд итн.)

Благодарам

nora.condon@solas.ie

SOLAS
learning works